Проектот е финансиран
од Европската Унија

„Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата"

# ЈАВЕН ПОВИК ЗА ИЗБОР НА НАДВОРЕШНИ СОРАБОТНИЦИ

# ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ПРОЕКТОТ

# „МЛАДИНСКО УЧЕСТВО ЗА СИЛЕН И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА ЗАЕДНИЦАТА"

септември 2023, Прилеп

## 1. ОПИС И ЦЕЛИ НА ПРОЕКТОТ

Проектот „Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата" има за цел да придонесе кон независно и одржливо граѓанско општество поддржано од погодна средина која поттикнува партиципативни и родово-сензитивни процеси на креирање младински политики.

Проектот се спроведува од страна на Коалиција на младински организации СЕГА како водечки партнер, во партнерство со Женски Форум Тетово, СОС Детско Село и Волонтерски Центар Скопје.

Целта на проектот е да го подобри квалитетот на имплементацијата на младинската политика заснована на структурна соработка и суштинско учество на вмреженото граѓанско општество. За да се постигне целта, проектот:

- Ќе ги зајакне капацитетите на граѓанските организации за независно и ефективно влијание врз донесувачите на одлуки поврзани со младински прашања врз основа на докази и преку локално вмрежување
- Ќе ги подобри граѓанските компетенции на младите мажи и жени за суштинско учество во секојдневниот живот на демократската заедница користејќи иновативни модели преку родово сензитивни и мировни пристапи
- Ќе ги оспособи јавните институции да развиваат и спроведуваат информирани и квалитетни јавни политики поврзани со младите засновани на еднакви можности преку одржливо партнерство со локалното граѓанско општество.

Проектот директно ќе поддржи локално вмрежување но и процес на застапување базирано на докази. За таа цел Проектот објавува јавен повик за надворешни соработници

1. Надворешен соработник за Подготовка на **Контекстуализиран прирачник за вмрежување на граѓански организации на локално ниво**

2. Надворешен соработник за **Застапување**

## 2. ОПИС НА РАБОТНИ ЗАДАЧИ

### 2.1. ПОДГОТОВКА НА КОНТЕКСТУАЛИЗИРАН ПРИРАЧНИК ЗА ВМРЕЖУВАЊЕ НА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ НА ЛОКАЛНО НИВО

**Период на испорака:** 8 работни денови во периодот 05 – 30 октомври 2023 година
**Опис на содржина:** Важноста на вмрежувањето помеѓу различни локални чинители, застапување кон локалните власти, нивоа и канали на комуникација, администрација на формални и неформални мрежи на граѓански организации, алатки за комуникација кон носителите на одлуки, алатки и ресурси за застапување, можни предизвици и решенија. Прирачникот исто така, треба да вклучи позитивни примери и практики од локално вмрежување од РС Македонија, со цел да се интегрира локалната реалност. Целта на Прирачникот е да се користи како ресурс за граѓанските организации како и да поттикне локално вмрежување за решавање на заеднички проблеми.
**Обем на прирачник:** Содржината на финалната верзија на прирачникот би требало да биде помеѓу 30 – 40 страници (во консултација со проектниот тим).

**КРИТЕРИУМИ ЗА СЕЛЕКЦИЈА**

**Кандидат(к)ите треба да ги поседуваат следниве квалификации и вештини:**

- Најмалку високо образование. Магистратура и/или докторски студии сродни со областите за работа ќе се смета за предност.
- Најмалку 7 години професионално искуство во граѓански сектор - Искуство во работа за или со мрежи на граѓански организации ќе се смета за предност
- Развиени истражувачки и аналитички способности.
- Искуство во изработка и подготовка на прирачници, водичи, тренинг програми и слично

**ВРЕМЕНСКА РАМКА и НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ**

За **секој работен ден** за ангажираниот соработник за подготовка на прирачникот, предвиден е надоместок од **150 евра во бруто износ** кои ќе бидат исплатени во денарска противвредност после комплетирање на задачите (по комплетиран и одобрен продукт, доставена временска табела и Изјава за извршена работа).

## 2.2. ПОДГОТОВКА НА ПРОЦЕС НА ЗАСТАПУВАЊЕ

**Период на испорака:** 10 работни денови во периодот 03 октомври – 31 декември 2023 година
**Опис на задачи:** Надворешниот соработник за застапување ќе има задача да фасилитира процес на Застапување на сите проектни партнери, заснован врз актуелниот политички и социјален контекст. Ангажманот треба да ги вклучи следните елементи:

1. Подготовка на Акциски План за Застапување на проектот (6 денови)

- Анализа на актуелен политички, економски и социјален контекст, како и во однос на младинскиот развој, волонтерството, родовата еднаквост и актуелните мерки за кибер-насилство.
- Фасилитација на (најмногу) 2 состаноци со проектен тим
- Подготовка на план за застапување кој ќе вклучи
  - Цели и резултати на планот за застапување,
  - Активности (насочени кон донесувачи на одлуки и општа јавност)
  - Пораки кон носителите на одлуки
  - Комуникациски пристап

2. Подготовка на Документ за јавни политики (Policy Paper) врз основа на резултатите од застапувањето (4 денови).
   Документот треба да содржи конкретни препораки за горенаведените теми за донесувачите на одлуки. Препораките треба да послужат како основа за подготовка на предлог текст на Измени и дополнувања на законска регулатива врз база на резултатите од процесот на застапување и актуелните потреби.

**Кандидат(к)ите треба да ги поседуваат следниве квалификации и вештини:**

- Најмалку високо образование. Магистратура и/или докторски студии сродни со областите за работа ќе се смета за предност.
- Најмалку 7 години професионално искуство во граѓански сектор;
- Развиени истражувачки и аналитички способности.
- Искуство во фасилитација на подготовка и спроведување на процеси за застапување
- Учество во процеси за подготовка на законски и/или стратешки документи врз основа на застапување ќе се смета за предност;

**ВРЕМЕНСКА РАМКА и НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ**

За **секој работен ден** за ангажираните соработници за подготовка на прирачниците, предвиден е надоместок од **150 евра во бруто износ** кои ќе бидат исплатени во денарска противвредност после комплетирање на задачите (по комплетиран и одобрен продукт, доставена временска табела и Изјава за извршена работа).

## 3. ПОСТАПКА И ПРАВИЛА ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ, РОК И ИЗБОР

Овој повик е јавен.

Секој што ги исполнува потребните квалификации може да се пријави на овој повик со поднесување на следните документи:

**Позиција 1: Надворешен соработник за Подготовка на Контекстуализиран прирачник за вмрежување на граѓански организации на локално ниво**

- Професионална биографија (CV)
- Мотивациско писмо
- Референтна листа на подготвени прирачници / водичи со прилози или линкови

**Позиција 2: Надворешен соработник за Подготовка на План за застапување**

- Професионална биографија (CV)
- Мотивациско писмо
- Референтна листа со обуки / работилници / процеси за застапување како и контакт од минимум 2 клиенти од овие процеси.

**** Еден апликант може да аплицира за двете позиции***

Документацијата треба да се достави на следната е-маил адреса: sega@sega.org.mk со назнака: Пријава на јавен повик за надворешни соработници (да се наведе Позиција за која се аплицира)

Пристигнатите апликации ќе бидат евалуирани од страна на стручна комисија основана од имплементаторите во проектот.

~~**Краен рок за доставување на апликациите е 26 септември 2023 година.**~~

**ПРОМЕНА: Крајниот Рок се продолжува до 03 октомври 2023 година.**

Апликациите кои ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се доставени според условите на повикот, нема да бидат земени предвид.

Апликантите ќе бидат информирани за исходот од постапката на евалуација.

За подетални информации може да не контактирате на е-маил адреса: sega@sega.org.mk, најдоцна до 29.09.2023 година.